Бр./Nr 12-3223/5

28-12-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-мата седница одржана на 21.12.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-3223 од 2021 година, оформен по доставена пријава за изборни прекршувања на Изборниот законик за злоупотреба на службената должност и овластувања при донесувањето на одлуката на Управниот одбор на ------------------ во ---------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3223 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, -------------- од ----------- на ден 02.09.2021 година, поднесена е пријава за злоупотреба на службената должност и овластувања при донесувањето на одлуката на Управниот одбор на ------------- во ----------- и оформен е предмет број 12-3223 од 2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за за изборни прекршувања на Изборниот законик и за злоупотреба на службената должност и овластувања при донесувањето на одлуката на Управниот одбор на ---------------- во ------------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до ----------- во ------------, заради утврдување дали постои повреда на Изборниот законик, односно дали одлуката да е донесена во период по донесувањето на Решение за распишување на избори (Сл. Весник бр. 185/2021 од 06.08.2021 година) како што е наведено во пријавата.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации од Јавната здравствена установа ----------- „--------------" од --------------, истото е заведено со бр. 12-3223/3 од 28.09.2021 година и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

По објавениот оглас на официјалната веб страна на ---------------- Факултет при УКИМ, а врз основа на Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и субспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствени

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

установи (2019/2022) од 22.07.2021 година, во која е предвидено дека ЈЗУ ------------------------------------------ има потреба од една специјализација по испитување и контрола на лекови, ---------------- во ----------- има објавено интерен оглас за упатување на специјализација на вработени.

На објавениот интерен оглас, пријавен е еден кандидат, ------------------------------------ и истата ги исполнувала условите предвидени во огласот.

На Управниот одбор на болницата врз основа на Статутот на ЈЗУ ----------------------, по претходно спроведен интерен оглас, е донесена Одлука за упатување на специјализација на вработени здравствени работници на ден 01.09.2021 година.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, од причина што не станува збор за прекршувања на Изборниот законик со донесувањето на Одлуката за упатување на специјализација на вработени здравствени работници во изборен период бидејќи истата е резултат на претходно спроведена постапка за упатување на здравствени работници на специјализација предвидена и опфатена и во Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и субспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствени установи (2019/2022)од 22.07.2021 година, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**